Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 322//0306
25.07 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 24.07.2025 година, врз основа на примена жалба од **Данела Арсовска, Градоначалничка на Град Скопје**, го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Латас: Имав понуда од Данела да работам на соборување на Мицкоски“,** објавен од интернет порталот – онлајн медиум Алфа.мк (alfa.mk) на 27.06.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката до СЕММ на 01.07.2025 г., упати жалба за текстот со наслов „Латас: Имав понуда од Данела да работам на соборување на Мицкоски“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Алфа.мк (alfa.mk) на 27.06.2025 г., при што се жали на незастапена втора страна, неточно и нефер известување, мешање на факти и мислења, вест со коментар, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето и други основи по кои се поднесува жалбата.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека во текстот без било каква проверка и без консултација на втората страна се пренесуваат „невистинити и клеветнички тврдења изнесени од страна на новинарот Драган Павловиќ – Латас во поткаст емисија“.
Пред објавата од страна на порталот не била побарана изјава од градоначалничката ниту бил направен напор за проверка на наводите, се наведува во жалбата упатена преку овластен адвокат.

До онлајн медиумот на 28.06. бил упатен и демант, кој до моментот на упатување на жалбата не бил објавен.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од демантот), како и образложение на жалителката.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот потпишан од главниот уредник на телевизија Алфа, **Никола Крстиќ**. Во одговорот, меѓу другото, се наведува: „Спорната вест претставува пренос на јавно изнесена изјава од страна на новинарот и колумнист Драган Павловиќ – Латас“, потоа дека изјавата е дадена од јавна личност, во јавен медиумски настап, и нејзиното пренесување од страна на Алфа ТВ е легитимна новинарска пракса“, како и тоа дека градоначалничката имала редовна пракса да не комуницира со овој медиум. Исто така, се наведува дека до известувањето од СЕММ дека има демант, порталот не знаел воопшто за постоење на истиот и дека до редакцијата таков демант не бил доставен, а потоа, демантот бил објавен, за што беше приложен и соодветен линк.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Латас: Имав понуда од Данела да работам на соборување на Мицкоски“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Алфа.мк (alfa.mk) на 27.06.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што е прекршен член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за објава, вест, во која се пренесува тврдење во негативен контекст за градоначалничката на Град Скопје Данела Арсовска од страна новинарот Драган Павловиќ –Латас, изнесено во подкаст, односно на аудиовизуелна платформа на барање. Комисијата, исто така, утврди дека обвинувањето изнесено кон Арсовска е сериозно и допира прашања за нејзина можна инволвираност во корупција заради остварување политички цели, со што јавниот интерес за известување за темата е неспорен.

Поаѓајќи од ваквата констатација, Комисијата смета дека медиумот не требало кон оваа тема да пријде на начин што само ќе ја пренесе туѓата изјава и ќе ја третира на ниво на дневна вест. Медиумот, соочен со вакво сериозно тврдење, имал обврска и самиот да ги провери обвинувањата и да постапи согласно етичките стандарди, односно да побара став од засегнатата страна, а во случајов и од други споменати сведоци.

Оправдувањето дадено во одговорот од медиумот дека градоначалничката Арсовска „постојано одбива да комуницира со нашата редакција, ги игнорира сите прашања што ѝ се доставени, и демонстрира целосна незаинтересираност да ѝ одговори на јавноста преку нашите платформи“ - иако е констатирано од Комисијата за жалби како пракса забележана во случаите кога медиумите пишувале за работењето на Арсовска или на Град Скопје – е несоодветно, зашто медиумите имаат обврска макар да направат обид да дојдат до втората страна и тоа јасно да го соопштат во објавата. Без таков обид за пренесување на друг став, мислење или коментар за веста што ја пренесуваат, а соочени со многу сериозни тврдења/обвинувања, медиумите ризикуваат да се претворат во „огласна табла“ за оркестрирани и тенденциозни напади врз поединци или инстититуции. Ова особено ако се има предвид контекстот во кој се случуваат таквите напади, односно изразен анимозитет и нетрпеливост меѓу актери на политичката сцена и дотоколу повеќе што, иако се уште не формално-правно, општеството е длабоко навлезено во предизборна атмосфера и кампања.

Комисијата го има предвид и фактот што медиумот го објавил демантот, со што постапил исправно согласно етичките правила, а не навлегува, ниту може да навлегува во одговорот од медиумот дека не бил доставен до редакцијата, иако жалителката наведува спротивно.
Од тука, Комисијата смета дека е прекршен член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија кој го регулира ова прашање:

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**Член 1**

*Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.*

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Жана Божиновска, Тамара Чаусидис и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

С. Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595